## МАТЕРИЈАЛИ

Тодор ЧЕПРЕГАНОВ

# ДОКУМЕНТ ОД БРИТАНСКИОТ КОНЗУЛ ВО МАКЕДОНИЈА БЕРНАРД ГИРИ ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

По Првото заседание на АСНОМ и формирањето на федерална Македонија во рамките на федеративна Југославија, во Македонија започнал процес со кој се настојувало таа да заживее како самостојна и независна држава со сите институции на системот. Никулците на ваквата политика ги носеле т.н. „сепаратистички и антипартиски" елементи кои беа предводени од Методија Андонов – Ченто, а зад чии идеи стоеја и старите членови на ВМРО: Павел Шатев, Панко Брашнаров, Емануел Чучков, Димитар Влахов, на кои им се придружиле во текот на војната: Венко Марковски, Петар Пирузе, Киро Глигоров, Лазар Соколов и др. Во нивните ставови преовладувала идејата за обединета Македонија, а во новата федерација Македонија да има поголема политичка и економска самостојност. Таквите интенции, пренесени преку голем број интервјуа и написи од страна на македонските раководители, непосредно по ослободувањето на Македонија (19 ноември 1944), предизвикале внимание кај дипломатските и политичките претставници на големите сили. Тие со особено внимание ги следеле сите активности на македонското и југословенското воено и политичко раководство коишто се однесувале на идејата за обединување на Македонија и за нејзиниот иден статус во рамките на федеративна Југославија.

Посебно внимание кон сѐ она што се случувало во Македонија пројавиле членовите на британските воени мисии кои по ослободувањето биле стационирани во Скопје и британскиот конзулат во Скопје, кој секојдневно го информирал Министерството за надворешни работи на Велика Британија за чекорите што ги преземал македонскиот политички и воен врв во однос на идното уредување на Македонија. Меѓутоа, нагласените желби на Македонците за обединување со деловите на Македонија под Бугарија и Грција, не влегувале во британската шема за повоеното уредување на Балканот. На реализацијата на таа идеја Британците гледале како на загрозување на нивните, британски интереси во Грција. Затоа тие настојувале, со сите можни политички средства, да не дозволат таа идеја да влезе во рамките на една нејзина практична реализација. Единствената солуција зад којашто тие застанале била Македонија да се најде во рамките на федеративна Југославија.

Големиот број написи и кометари во меѓународниот печат и радио емисиите, во деновите непосредно по завршувањето на Втората светска војна, кога на преден план избиле спротивностите на големите сили околу идното уредување на светот, биле една од причините при решавањето на „македонското прашање" со свои сугестии да се јават и одредени личности во Велика Британија кои имале свои сознанија за овој проблем бидејќи во почетокот

на XX век престојувале во Македонија и извршувале одредени државни функции. Како претставници на странски држави, тие имале можност на самото место да се запознаат со состојбите на теренот во Македонија.

Истражувајќи во Public Record Office, меѓу другите документи откривме и еден документ од Бернард Гири, британски конзул во во Битола од 1909 до 1912 година. Запознат со подготовките за идната конференција, а со цел да помогне во разрешувањето на, како што вели и самиот, „балканскиот лавиринт", на 16 јули 1945 година испратил писмо до Форин Офис. Поради неговата актуелност и во сегашниов момент, неговото писмо го пренесуваме во целост. Писмото е во ракопис и е заведено во Public Recor Office под број: PRO FO 371/48184 R 12134

---

## МАКЕДОНИЈА

Господине,

Како британски конзул ги видов раѓањето и настапувањето на младотурците[1] во Басра во 1908 година. Од 1909 па сè до 1912 година, бев поставен за конзул во Битола. Подоцна, со љубезност на господинот Стефан Гасели, открив дека практично сите мои депеши до амбасадата биле вклучени во објавениот преглед на Ф(орин) О(фис).

Преку моите блиски односи со балканските и руските колеги бев во можност да ги сфатам тешкотиите во однос на македонските и албанските проблеми, со заклучок што секогаш наидувал на одобрување од починатиот професор Х. В. В. Темперли, кој како мој стар и близок пријател од кралскиот колеџ од Кембриџ ме посети во Монастир (сега Битола) и ме придружуваше на едно напорно, но интересно патување низ Албанија, со попатни застанувања во Охрид, Дебар, Елбасан, Корча непосредно по несреќниот напад на Тургут-паша[2] кој ја одврати засекогаш албанската нација од младотурците.

Веќе 1000 години Балканот врие со вулканска ерупција на политичка и национална борба на Србите, Бугарите, Грците, Куцовласите и Албанците, додека непрекинатото ривалство и аспирациите меѓу Русија, Австрија, Италија и (премолчено) Прусија беше внимателно подгрејувано со необразова-

---

[1] Движење на напредните и интелектуални, воени и буржоаски сили во Османлиската Империја, за воспоставување уставен систем во земјата. На конгресот одржан во Париз (1907 год.), организицијата донела одлука да се почне со оружена борба, со цел да се извршат промени во државното уредување и во економско-социјалниот живот во Османлиската Империја. Превратот од 1908 година не донел големи промени.

[2] Во 1910 година Тургут-паша заминал за Косово и Албанија за да го задуши востанието во Албанија.

ната, но возвишено итрата политика на Абдул Хамид[3] и неговите приврзаници од Високата Порта.

Преку 300 години болниот човек од Европа, во дипломатските кругови се сметаше дека беше ставен на смртна постела, но како и во случајот со англискиот крал Чарлс II,[4] неговите последни моменти беа продолжени додека лешинарите од соседните држави залудно, од година во година, очекуваа да се растури империјата која беше на умирање.

Во XIX и XX век самата Македонија беше расадник на меѓународно ривалство, а крајната цел на оваа жестока борба беше причина за бескрајна загриженост во канцелариите на Европа и беше бесконечно јаболко на раздорот меѓу балканските држави.

Кон крајот на Првата светска војна од 1914 до 1918 година беше изгубена непроценлива можност да се најде решение на балканскиот ребус во лавиринтот на конфузијата, кој го карактеризираше меѓународниот вртлог во Версај.

Во сегашниот момент раката на Bellona[5] им дава на големите сили шанса која, можеби, никогаш повеќе нема да биде толку погодна.

Македонија е населена со автохтон народ од словенско потекло кое беше бугаризирано, србизирано или грцизирано од разни видови пропаганди–религиозна и политичка. Селата, според моето лично искуство, преку ноќ, за 10 фунти беа преобраќани од Бугари во Срби или од Грци во Бугари, со што вистинските Македонци ја изгубија нивната посебна националност и за што тие сега се несвесни.

Куцовласите, од друга страна, се продукт на старото римско население кое стапило во брак со домородни жени и недвосмислено се роднини по крв на нивните романски браќа.

Според моето скромно мислење, фер и слободен попис би требало да се направи на Македонците во кој тие би истакнале дали сакаат да бидат Бугари, Срби или Грци со изразување на желбата дали сакат да влезат во Југославија, Бугарија или Грција и да се обезбеди, доколку е можно, повлекување на оние несреќни малцинства што во минатото предизвикувале бесконечни проблеми.

Хомогените држави без овие бунтовници, намуртени и незадоволни субјекти што чезнеат за независност или за вклучување во друга држава, се неопходен фактор во кој било мировен договор и тоа на Балканот единствено би можело да се реализира со размена на цели села и население, исто како при договорот меѓу Турција и Грција од минатите години. Трансфер на цело

---

[3] Абдул Хамид II (1876–1909), турски султан. Под притисок на младотурците го издал првиот турски устав (23 декември 1876 год), формирал парламент, објавил рамноправност на сите поданици, им дозволил на христијаните да заземаат државни служби, ја признал неприкосновеноста на личната слобода, вовел независност на судовите и др. По паѓањето на лидерот на младотурците, Мидхад-паша ги укинал сите реформи и парламентот. Во негово бреме биле потпишани Санстефанскиот мировен договор, на 3 март 1878 и Берлинскиот договор на 13 јули 1878 год. Симнат од власта 1909 година.

[4] Чарлс II (1630–1685), крал на Велика Британија и Ирска од 1660 до 1685.

[5] Белона – римска божица на војната.

село на место што тие го сакаат, нема да претставува тешкотија во споредба со преместувањето на индивидуи или на цели семејства.

Ако таквото решение не даде резултат, долгогодишното ривалство и непрекинатата борба помеѓу четирите раси, која трае веќе 1000 години, ќе биде овековечена и ќе биде плодна почва за идни меѓународни компликации.

Сегашното омеѓување на нова Југославија, Грција, Бугарија, Романија и Албанија едвај ако може да влезе во делокругот на оваа комуникација. Но, ширењето на Албанија, со вклучување на вистински Тоски и Геги зад старата јужна граница, осигурувањето излез на море за Бугарија и повлекувањето на Унгарците од нетолерантното ропство на Романците, се чини ќе бидат, без сомнение, „sine qua non“ на кој било мировен договор што ќе се потпира на долгорочни основи.

Бернард Гири, поранешен конзул на неговото британско височество на Блискиот Исток